# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | |
|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР. 2 ГОД.28 |

**Општина Чучер-Сандево, Февруари 2025 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **четврток** | **Бр. 2** |
| **по потреба** | **27.02.2025 год.** | **Год. 28** |


# 7.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49**-та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/1**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.143/19,14/20 и 208/24), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49-та** седница, одржана на **25.02.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2025 година, бр.04-1294/1 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-405/3** **НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.02.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ – ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА „СКОПСКА ЦРНА ГОРА“ ЗА ПЕРИОД 2024-2027 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за донесување на Стратегијата за локален развој на руралните средини, на Здружение за рурален развој– Локална Акциона Група „СКОПСКА ЦРНА ГОРА“, за период 2024-2027 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.02.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 202/24) и член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), а во врска со член 2 од Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/13 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/23) и член 56 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) како и член 131 од Деловникот за работа на Советот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.6/21 и 10/24), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49-та** седница одржана на **25.02.2025** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ – ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА „СКОПСКА ЦРНА ГОРА" ЗА ПЕРИОД 2024-2027 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе Стратегијата за локален развој на руралните средини, на Здружение за рурален развој– Локална Акциона Група „СКОПСКА ЦРНА ГОРА", за период 2024-2027 година.

**Член 2**

Стратегијата за локален развој на руралните средини, на Здружение за рурален развој– Локална Акциона Група „СКОПСКА ЦРНА ГОРА", за период 2024-2027 година, ќе се објави на веб страната на општината.

**Член 3**

Одлуката да се достави со соосновичите на здружението, општините Гази Баба, Илинден и Бутел.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-405/4**
**25.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 9.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

Се објавува Програма за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево за 2025 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49**-та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/3**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 23 став (1) точка 15 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево"бр.05/19), а согласно член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 255/24), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49**-та седница одржана на **25.02.2025** година, донесе

## ПРОГРАМА
### ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2025 година ги дефинира: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиски средства за вршење на работите, временски рокови за извршување на работите, како и динамика и начин на вршење на работите.

**1.Цел на Програмата**

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Чучер-Сандево е креирана за одржување на оптималната јавна чистота на највисоко ниво, преку контрола на сите создавачи на отпад со цел да се намалат трошоците за одржување на јавната чистота преку:

-одговорност на субјектите од создавање преку поставување до одлагање на отпад,

-едукација од страна на извршителот на програмата

-подигање на јавната свест и

-контроли на терен од страна на надлежниот орган

**2.Вид, обем, динамика, начин и рокови за извршување на работите**

**2.1.Вид и обем на работите**

Одржување на јавна чистота ќе се состои од:

Редовно одржување на јавната чистота и ќе ги опфаќа следните активности и тоа:

-собирање на смет од јавни површини и отворени простори на јавните објекти,

-празнење на корпите за отпадоци поставени на автобуските стојалишта и на отворените простори на јавните објекти.

-собирање на смет, сечење и чистење на вегетација околу автобуските стојалишта, како и метење на внатрешната површината.

-косење на трева и сечење на гранки и дрвја до 2м од патот од левата и десната страна и

-одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови.

Вонредно одржување на јавна чистота ќе ги опфаќа активностите кои не се планирани, а се предизвикани од елементарни непогоди и други непредвидени активности и тоа:

-чистење на улици, канавки и други пропусти од насоки од земја, песок и друг материјал предизвикани од поројни врнежи,

-чистење на улици од гранки и дрвја предизвикани од силен ветер и

-отстранување и подигање на мртви и згазени животни од јавни површини од непознато потекло.

Во планирањето и димензионирањето на работата за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени:

-Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризација);

-Димензиите, типот и формата на јавните површини (големината),

-Начинот на одржување на јавната чистота,

-Потекло и видот на сметот на јавните површини.

Под изразот **"смет"** се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржување на јавната чистота.

Под изразот **"собирање на смет"** се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување на садови за смет.

Според начинот на живеење и работењето на луѓето, одржувањето на јавната чистота е условено од следните фактори:

-густина на населението,

-фреквенција на луѓе и моторни возила,

-степен на нечистотија,

-степен на пречки (паркирани возила и др),

-инфраструктурни сообраќајни услови,

-културни навики на населението,

-стандардот,

-самодисциплина на граѓаните,

-придружување на позитивните прописи,

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

**Секојдневен смет**

а) Обичен уличен смет

-кутии од цигари, искористени билети, хартија од разни пакувања, отпад од пакување, лименки, пластични шишиња и останати отпадоци од сличен карактер,

б) Отпадоци од возила кои настануваат при:

-превоз на разновиден материјал (градежен материјал, технолошки материјал, земјоделски производи),

-товарење и растоварање на разни стоки,

-собирање на домашен смет и смет од правни субјекти,

-косење на тревни површини,

в) При интензивно врнење на дождови

-наноси од земја, песок, лисја и др.

г) Отпад при чистење на канали, бразди за наводнување

-трева, гранки и друга вегетација, наноси од земја и друг обичен уличен смет.

**Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има во два вида:

-лисја од дрвја, суви гранки и сл.

-песок и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавост, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

**2.2.Динамика, начин и рокови за извршување на работите**

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризација на јавните површини.

Категоризацијата на јавните површини зависи од: населеноста, распоредот на работните и станбените објекти и интензитетот на сообраќајот.

**I Категорија**-улици, тротоари, автобуски стојалишта со густа фреквенција на движење.

*Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш неделно.*

Приоритет при чистење на јавните површини на населените места: с.Кучевиште (дел од ул.1, ул.8, ул.4 и ул.7), с.Побожје (дел од ул.2, ул.1 и ул.7), с.Мирковци (дел од ул.2, ул.3, ул.5, ул.9 и ул.10), с.Глуво (дел од ул.3 и ул.4), с.Бразда (дел. од ул.1, ул.10 и ул.4), с.Бањане (дел. од ул.1 и ул.2), с.Чучер-Сандево (дел. од ул.1 и ул.2) и с.Горњане (дел од ул.1 и ул.2).

**II Категорија**-населени улици и подрачја со послаба фреквенци на луѓе и моторни возила (чистење и собирање на отпадоци)

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш месечно***

Собирање на отпадоци од и покрај главните патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавни површини (корпите за отпадоци и отпадоци).

Покрај улиците и патиштата на територија на Општина Чучер-Сандево со оваа програма се опфатени и други јавни површини како што се

Јавни површини околу спортско- рекреативни објекти,

Јавни површини околу детски игралишта и

Јавни површини околу верски објекти.

***Одржување на јавна чистота ќе се врши еднаш месечно или по потреба***

Вонредното одржување на јавната чистота ќе се врши по елементарната непогода при што приоритетот ќе се даде н јавни површини со густа фреквенција на движење.

**3.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2025 година од Програмата Ј4-Јавна чистота во износ од 1.000.000,00 денари.

**4.Извршител на програмата**

Одговорен субјект за извршување на активностите предвидени во оваа програма е ЈКП "Скопска Црна Гора".

**5.Надзор**

Надзор над спроведување на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Чучер-Сандево ќе ја врши Градоначалникот, преку Одделението за инспекциски надзор-инспекторат.

За спроведување на активностите на терен ЈКП "Скопска Црна Гора", ќе биде задолжено до Општина Чучер-Сандево да доставува месечни извештаи за извршената работа, а на крајот на годината и годишниот извештај.

**6.Завршни одредби**

Оваа програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до 31.12.2025 година.

**Бр.08-405/5**
**25.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 10.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за разрешување и именување на член на Орган за надзор за контрола на материјално финансиското работење на Јавна Општинска Установа Детска Градинка "Мило Мое", Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49**-та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/4**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 131 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24 ) и член 23 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Советот на Општина Чучер-Сандево на својата **49-та** седница одржана на **25.02.2025** година, донесе

# О Д Л У К А

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

## Член 1

**Христиана Стајковска** - член на Орган за надзор за контрола на материјално финансиското работење на ЈОУДГ "Мило Мое", Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, **се разрешува**, поради тоа што е именувана за Директор на Општинско основно училиште „Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште, Општина Чучер-Сандево.

## Член 2

За член на Орган за надзор за контрола на материјално финансиското работење на ЈОУДГ "Мило Мое", Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, **се именува** лицето **Виолета Џеповска**, со мандат во траење за остатокот од мандатот на разрешениот член.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-405/6**
**25.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 11.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 6216/1 КО Кучевиште вонград**

Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 6216/1 КО Кучевиште вонград**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/5**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.174/21) и член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49-та** седница одржана на ден **25.02.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 6216/1 КО Кучевиште вонград**

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП 1 бр.11-283/2018 од 09.05.2018 година се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправен објект означен како број на зграда 1, намена на зградата Е13 – трафостаници кој е изграден на КП 6216/1 КО Кучевиште вонград.

Согласно Општиот акт за с.Кучевиште, КП 6216/1 КО Кучевиште вонград е со намена Г- производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во `Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08-405/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.02.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 12.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 867/2 КО Бродец, в.м Старо гумно**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправен објект на КП 867/2 КО Бродец, м.в.Старо гумно**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.02.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49**-та седница одржана на ден **25.02.2025** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 867/2 КО Бродец в.м Старо гумно

### Член 1

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.11-812/2018 од 31.12.2018 година, за објект со намена А1-1 стамбени куќи со дворови-самостојни кој е изграден на КП 867/2 КО Бродец в.м Старо гумно, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

### Член 2

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08- 405/8**
**25.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 13.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3607/5 КО Мирковци**

Се објавува Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3607/5 КО Мирковци**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/7**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.174/21) и член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **49-та** седница одржана на ден **25.02.2025** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3607/5 КО Мирковци**

**Член 1**

По поднесеното Барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП 1 бр.09-2060/2011 од 29.08.2011 година се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправен објект означен како број на зграда 1, намена на зградата А4-3-викенд куќа кој е изграден на КП 3607/5 КО Мирковци.

Согласно Општиот акт за с.Мирковци, КП 3607/5 КО Мирковци е со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во `Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08- 405/9**
**25.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 14.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ" СКОПСКА ЦРНА ГОРА" ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Извештајот за работата и резултатите од работењето на Јавното комунално претпријатие "Скопска Црна Гора", с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2024 година Бр. 04-31/1 од 31.01.2025 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/8**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија’’бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 202/24) и член 23 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.2/03) а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Чучер-Сандево на **49-та** седница одржана на **25.02.2025** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ” СКОПСКА ЦРНА ГОРА” ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работата и резултатите од работењето на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора”, с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2024 година Бр. 04-31/1 од 31.01.2025 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” со Одлука бр.02-42/8 од 19.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-405/10**
**25.02.2025 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 15.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ”СКОПСКА ЦРНА ГОРА” ЗА 2024 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Годишната сметка на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора”, с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево за 2024 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **49-**та седница, одржана на **25.02.2025** година.

**Бр.09-473/9**
**26.02.2025 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 202/24) и член 23 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.2/03) а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Општина Чучер-Сандево на 49-та седница одржана на 25.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ”СКОПСКА ЦРНА ГОРА” ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора”, с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево за 2024 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” со Одлука бр.02-42/7 од 19.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-405/11**
**25.02.2025 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**7.ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА............ стр. 1**

**8. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ – ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА „СКОПСКА ЦРНА ГОРА“ ЗА ПЕРИОД 2024-2027 ГОДИНА............ стр. 3**

**9.ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА............ стр. 4**

**10.ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ОРГАН ЗА НАДЗОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА “МИЛО МОЕ” ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО............ стр. 9**

**11. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 6216/1 КО Кучевиште вонград............ стр. 10**

**12. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 867/2 КО Бродец, в.м Старо гумно............ стр. 12**

**13. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3607/5 КО Мирковци............ стр. 13**

**14.ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ” СКОПСКА ЦРНА ГОРА” ............ стр. 15**

**15.ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ”СКОПСКА ЦРНА ГОРА” ЗА 2024 ГОДИНА............ стр. 16**